Почитувани гости, соработници и пријатели ,

Денес на одбележувањето на Светскиот ден на фармацевтите имам голема чест и задоволство да ве поздравам во името на Фармацевтската комора на Македонија, во која членуваат сите фармацевти.

На овој ден, 1912 година , во Амстердам, е формирана Интернационалната фармацевтска федерација (International Pharmaceutical Federation – FIP) како федерација на националните асоцијации на фармацевтите и фармацевтските научници, со официјална врска со СЗО.

Развојот на фармацијата и појавата на Фармацевтската пракса како темелник на професијата доведоа FIP да постане глобален застапник на улогата на фармацевтот во обезбедувањето на здравствената заштита, која и понатаму се заснива врз фармацевтската наука. Членките на FIP се вклучени во широка глобална фармацевтска и научна мрежа, која континуирано го шири присуството и влијанието преку партнерства со некои од водечките светски здравствени, образовни и научни институции.

Со **Визија Да биде присутен секаде и секогаш кога носителите на одлуки дискутираат за сите аспекти врзани за лековите на глобално ниво,** FIP се поуспешно ја исполнува **Мисијата**: **Подобрување на глобалното здравство преку унапредување на фармацевтската пракса и наука, за да овозможи подобри откритија, развој, достапност до безбедна употреба на соодветни, ефективни и квалитетни лекови во светот. Целата е да се постигне пог**олема безбедност на пациентите, подобра нега и грижа за здравјето.

Под мотото „Безбедни и ефективни лекови за сите“ , денес се одбележува 25 септември, Светскиот ден на фармацевтите. Изборот на годинашното мото е со цел да се промовира улогата на фармацевтите во заштитата и безбедноста на пациентот преку подобрување на употребата на лекови и намалувањето на медицинските грешки.

Во моето денешно обраќање, ќе ги цитирам изјавите на првите луѓе на ФИП и препораките донесени на конференциите на организацијата.

Терапијата со лекови е најчесто употребуваната форма на лекување во секоја здравствена институција.

Бројот на лековите на пазарот драматично е зголемен во текот на последните декади, носејќи вистински иновации, но исто така и значителни предизвици во контролата на квалитетот и рационалната употреба на лековите.

Фармацевтите го користат своето широко знаење и исклучителни вештини на луѓето да им ги обезбедат најдобрите лекови.Тие се експерти за лековите со суштинска улога во целосната рамка на активности во ланецот на снабдување, од производството на лековите- - индустриско или непосредно подготвување во здравствените установи, до нивното издавање на пациентите и потоа. Почнувајќи

од производството и снабдувањето на активни фармацевтски супстанции (API)и производството на лековите, преку дистрибуцијата до веледрогериите, складирањето, препакувањето и дистрибуцијата до аптеките, болничките аптеки итн. ланецот на снабдување со лекови го вклучува и изборот на лекови и нивното издавање, а на крај ја вклучува и нивната употреба од страна на пациентите, вклучувајќи го и индивидуалното советување проследено и со фармаковигиланцата - следење на несаканите ефекти од лековите.

Фармацевтите вработени во индустријата се вклучени во откривањето и развојот на безбедни и ефикасни лекови. Тие може да работат на секое ниво на процесот, вклучувајќи го истражувањето, развојот, клиничките испитувања, контрола на производството, испитувањето на квалитетот и обезбедувањето на дозвола за ставање во промет.

Дистрибуцијата на лековите до аптеките и болничките аптеки значи навремена достапност на лековите за кој е обезбеден целосен интегритет: отсуство на субстандарни или фалсификувани лекови, одржување на ладниот ланец, отсуство на мешање на лековите, крадење и поседување на лоша документација за транспортирање на производите од производителот до корисникот.

Фармацевтите кои работат во аптеките се најдостапните здравствени работници на населението. Тие го снабдуваат со лекови за кои е потребен рецепт и со лекови кога е тоа законски дозволено без рецепт. Дополнително, за да обезбедат правилно снабдување на соодветни производи, нивните професионални активности исто така го покриваат и советувањето на пациентите кога се издаваат лековите за кои е потребно или пак не рецепт, потоа информациите што ги проследуваат до здравствените работници, пациентите и генерално населението како и учеството во здравствените промотивни програми.

Болничките фармацевти се експерти за лековите и обезбедуваат широк опсег на услуги кои може да се групираат во три различни функции. Првата функција го опфаќа поголемиот дел од традиционалната улога на фармацевтите и вклучува набавка, складирање, производство, издавање, испитување на квалитет на лековите кои се користат во болниците. Функцијата на давање на клинички услуги на фармацевтот му обезбедува да биде интегрален дел од здравствените тимови чиј фокус се пациентите. Во функцијата за управување со лековите, фармацевтите имаат водечка позиција во донесувањето и управувањето со политиките за лековите и нивна имплементација.

Фармацевтите во администрацијата учествуваат во формулирањето на здравствените и политиките за лековите, посебно во оние кои се однесуваат на селекцијата, снабдувањето и дистрибуцијата на лековите. Фармацевтите се вработуваат во регулаторните агенции и работат на одобрување, регистрација и контрола на квалитет на лековите, заедно со извршните агенции, вклучувајќи ја

царината, вршат контрола на дистрибуцијата на лекови преку легалните и нелегалните канали, а како инспектори вршат контрола на производството, увозот, дистрибуцијата и продажбата на лековите.

Фармацевтите во академската сфера се вклучени во образованието, праксата и истражувањето. Додипломската, постдипломската и континуираната едукација бараат едукатори не само со експертски и научно професионални знаења, туку и со визионерски погледи за развојот на образованието, науката и професијата.

Обезбедувањето на безбедни и ефективни лекови е предизвик на целото општество. Појавата на нови лекови на пазарот, комплексноста на производите, високо развиената технологија, фалсификувањето на лековите, промените во навиките на пропишување и можните грешки во пропишувањето и издавањето на лековите, полипрагмазијата и интеракциите на лековите, зголемените трошоци во здравството, промените во социоекономската и демографската структура, се само некои од факторите што имаат големо влијание врз осигурувањето на безбедна и ефективна терапија на населението. Затоа е неопходна поширока општествена активност, соработка помеѓу сите зинтерсирани страни и поголемо вклучување на фармацевтите во донесувањето на одлуки поврзани со лековите и нивната употреба.

Им го честитам Светскиот ден на фармацевтите со желба за подобрување на нивниот општествен статус и отварање на нови можности за нивно стручно делување.

Ви благодарам.

Претседател на Фармацевтска комора на Македонија
проф. д-р. Бистра Ангеловска